# **Ана Шнабл: Прилив**

(Excerpt in Macedonian)

Translated by: Darko Spasov
Contact of the translator: polatski@gmail.com

Лицето ѝ беше прекрасно! Наликуваше на актерката Кира Најтли, но од неа не зрачеше мутавост. Имаше кратка коса што ги истакнуваше кафеавозелените очи, на две места симпатично дупнатите уши украсени со мали кружни обетки – некое нераспознатливо животно, можеби лисица, како и совршените заби. Иако се враќаше од плажа, Дуња можеше да се клади дека Душка ставила римел, нежно ги нашминкала усните, или пак тоа беа виолетовите, засолени остатоци од денот, и си ставила жолтеникава сенка. Нејзината глава над телото, облечено провокативно, но не на мамин начин – луцијски, провинцијално -, туку дамски, париски - фармерки во *бермуда* стил и со ригест, сино-бел горен дел со исечен грб – беше од некој друг жанр.

„А ти си па Драга?"

„Мило, се вика Дуња, Д-Дуња", Катарина се наведна до увото на ќерка си и трапаво премина зад нејзиниот грб.

„Ама иста Драга", Душка беше мирна. Вкопана. Но, за чудо, воопшто не навредлива, нејзиниот искрен израз повеќе отвораше дискусија – дискусија за значењето и содржината на имињата, за сочноста, полнотијата и лепливоста на дуњите и за пристојноста, облоста и опуштеноста на сите Драги. Едвај се воздржа да не ѝ возврати на девојката како што би возвратила на возрасен – колку *шекспировски* од тебе што зборуваш така! – туку, нешто што беше навистина непримерно и типично детски, проклетите лекови со непресушливата река од слуз, гласно ги подзадави и згора на тоа силно се закашла. Па *навистина* сакаше само да се засмее.

По ова чудаштво не можеше да следи ништо друго освен тишина, *триграциозна* тишина. Гостинката зјапаше во подот, мајката во рамото на ќерката, ќерката во работ на масата, намуртена, но *со разбирање*, така барем Дуња си ја замислуваше, а не знаеше да си објасни зошто. Според неа, дебелите би требало да бидат свети, посочувствителни луѓе? На луѓето со

искушенија, луѓето со големи стигми, секогаш им израснува поголемо срце, зар не? Ајај, Дуња, пак се подзадави и се закашла, бре-бре

Притоа јасно слушна, нешто сепак мораше да прави со сетилата, како во бањата тече вода; според ехото од млазот и неговата истрајност, тоа мора да е тушот, – во звучната позадина уште претходно зауши некое неодредено тапкање, типкање (?) – Кристијан си ја мие косата. Можеби бил, се расеа таа, само неверојатно извалкан, порторошките алги и песокта и маслото и микропластиката и туристичкото лигавење и Бог знае уште што друго, ако човек сака да го постигне саканиот ефект, мора да се исплакнат со ревност (и со вера дека нема да му се воспали нешто витално). Ништо, сфати кога атмосферата во кујната малку се опушти и на себе повторно ги почувствува продорните очи на Душка, не му замери што пред нејзината ненадејна посета се скри во хигиената. Иако спарувањето на минатото со сегашноста го предизвикуваше самата, иако, уште повеќе, добро знаеше, дека минатите процеси ретко се завршуваат, дека сегашноста е само мноштво од постојанки, никнати од различни *порано*, волјата да навлегува во своите – во туѓите! – почетоци, често ѝ застануваше. Како кнедла, како здив, како бадникова вечера. Ѝ беше, ќе ѝ текне евтина метафора, како да му се јавува на минатото преку телефон, но во исто време се надева дека госпоѓата е веќе до плафонот, дека не може да стигне до слушалката, дека скапите импулси во странство се залудни. Понатаму, кон постојано новите и новите повици, ја водеше само чувството на итност, претчувството, дека има нешто важно таму.

Уште пред Мирелица, значи, што било да објасни, на Дуња целосно ѝ помина претходната замерка; Мирела во нејзиниот брат, си помисли милно, ама нежно, затоа што милоста е блага, не е само минливо, пубертетски, *минливо* затрескана. Мирела нејзиниот брат – сигурно, веројатно, можеби, но тато, тато! сомнежите потврдија – зрело, возрасно *го љубеше*.

„Ние не сме биле пар, не, никогаш во врска“, збунетоста меѓу клепките уште еднаш се разбранува и стана некако, еее, влажна?, но не и вцрвенета, за Дуња да се понадева на солзички. „Но, Дуња, ние тоа наскоро ќе станеме, беше само прашање на време, поинаку речиси не би можело да биде, бевме заљубени, ама тоа сите знаеја и забележаа.“

*Сите*, само сестрата не, и на сестрата тоа, простете за некреативноста, *не ѝ одеше во прилог*. На тинејџерката Мирела, колку и да се напнува како

ластик, сè уште, ни ден подоцна, немаше никакво материјално – што, зборовите не ги одбра логиката, туку книжевноста – никакво материјално сеќавање. Постигна, хм, по секоја веројатност *ревизионистички го создаде* само *атмосферата* на Драженовиот и Мирелиниот (*девојчински*, а што друго) кикотењето зад затворената врата од нивната соба – но Дражен не смееше да ја заклучува собата, тоа значи дека Дуња ќе мора и да ја *види* Мирела, при влегување, да ја *запознае*, да ја *сретне* – и во исто време сценичка, но калеидоскопска, од телефонскиот повик – Дражен, свртен во ќош, со рака на устата и гласот засладен и леплив и сочен како папаја, Глас за парење, и малку гргор. Тие две работи се обидуваше остатокот од неделата да ги донадополни со парчињата што ѝ се нудеа, но иронично, ѝ се нудеа само *спомени на некаква свесност* – ух, ова стана комплицирано – на свесност за *некакво присуство*, но воопшто не просторно, телесно, да речеме, што се движи зад претходно споменатата затворена врата, туку пред сè презентност во *животот на Дражен*, содржина, која некое време се движеше во неговата свест и исто така соновно ја окупираше и ѝ го зрачеше туѓ, хм, како од *другите луѓе*, како што сега, кога седнуваше во кожната преграткa, се нудеше само од себе, од можеби уште тогаш малку лисичка, напорна Мирела – помислете! Да заборави *таква* личност, би можело лесно да значи дека заради сенсимилија на марихуаната наместо мозок можеби имала грутка – но, хм, па, дека братот под притисок на тестостеронот, поради стискањето и затнување, или, подостоинствено, *годините* едноставно се *менувал* – каква информација беше тоа? Зар не можеше да смисли нешто уште поопшто, помалку значајно? Факингшит, како одедри!

Мирелица, *мораше* да прифати, ѝ беше црна дупка, еее, не, подобро, ѝ беше *испразнета полица*. Која дури сега ја редеше со соодветни и, потенцирање!, *психоделични* сувенири.

„Долго се дружевте со Дражен?“ Ака галантна апроксимација за: Зошто не сум знаела за тебе? Зошто не те сретнав?

„Па, знаеш како“, таа, out of character – ех, уф, словенечки – се прибра, ерго, ја повлече раката од дебелото маче кон себе и професионално ја вкрсти со другата, „нашиот клас беше доста голем, бевме околу триесет и мораше да се пробиеш низ многу ѓубре, за да го најдеш ова, ова злато.“

Уф, си помисли Дуња, не дека не се согласуваше за ѓубрето, ама, хм, таквите ставови по аналогија би можеле да се наречат *џабе социјални*?

„А долго се гледавме, тоа да, ама тинејџерите мора да соберат храброст, иако се однесуваат како светот да е нивен“, по синусоида нагоре или занесно изговори *низ нос,* така што меурчето во нејзиното грло меко пукна. „Сериозно разговаравме, па мислам дека беше на почетокот на втора, па потоа бевме до зимата, да, беше зима“, фати по синусоидата надолу или по нова крива, опала, *функција,* а во исто време и оп по мачорот, кој, кутриот, само што почна да преде.

„Ама бевме неразделни, Дуња“, кутрото повторно се лизна во нејзината прегратка и, иако изгледаше преплашено, Мирела не дозволи тоа да ја поремети. Го стискаше како маслинка и можеби, отпрвин ѝ падна на памет на ВП, Мирела мислеше дека тоа, што го *прави* со животинчето, не е ништо помалку од нежност. Дека со неа постапува грижливо. *Со љубов.* Можеби би можела, размислуваше понатаму ВП, од редот на *тие* гестови на Мирела да си ги објасни и другите. За таквите појави постоеше брилијантен клинички термин, но Дуња не се сети на него – така Скила и Харибда ја заведуваа со нужната марихуаната.

„Ти, Душка“, најпосле го разбуричка осилото, „што мислеше кога кажа дека Кристијан е *чуден*?«

Девојчето се закикоти и со пластичното лажиче од сладоледод пооолека обликуваше фигура, хм, алпски врв, а потоа нацрпениот десерт пооолека го внесуваше во устата. Се закикоти уште еднаш. И трет пат. „Ама ајде“, ја погледна, хммм, милничко, како што ние луѓето сме навикнати да ги гледаме овците, „навистина си напната како некаква *Драга*. Толку ли те одвеа приказната со слабеењето?“

„Душка“ – уф, штета што не ја слушате, ненадминливо достоинствен, *возрасен* глас што ладната крема уште повеќе го заостри – „не знам како ѝ се чини тоа на мајка ти, но мене ми се чини многу спорно што Кристијан те наговорил на слабеење, ти си уште многу млада и многу подложна на тоа, како те гледаат другите, мислам, како те гледаат *машките*.“

Душка потапка со лажичката по алпската фигура, и ја направи како прекмурска, панонска. „*Драга*“ – уште поголема штета што не ја гледате Душкината саркастична, пресаркастична збрчканост! – „Кристијан не ме убедувал за ништо, во врска со мојата тежина никогаш не ми кажал ништо, капираш, *јас* не се чувствувам добро, ама капираш? *Јас*. Не се кријам, не, затоа

што не сум таков тип, но би сакала да се чувствувам подобро. Ама не се работи само за чувството, се работи и за изгледот, веројатно, се работи, па, види, и не би сакала да имам таков емотивен однос со храната.“

„Душка“ – зрело доба, зрело доба, вау, луда автономија! – „по секоја веројатност не требало ништо да му каже затоа што и онака си чувствувала притисок, затоа што иии онака си чувствувала како те гле-“ А, шит, ова не беше смислен пресврт, мала несреќа! На лицето на Душка, меѓу очите и, се разбира, *во* нив, палавоста згасна како, факингшит, свеќа! Шолјата со Прекмурје, која се преобразуваше во Мура, ја стави, смешно, на подот – за сигурно да не ја фати? – и борбено, не како случајно *девојче*, ги прекрсти рацете на градите, со дланките во тупаници.

„Ама досадна си со тоа, тотално, очигледно со мојата дебелина имаш *beef* всушност ти, затоа што се сеќавам како последниот пат, добро, првиот пат, зјапаше во мене“, имитираше животно што пасе, „а сега сè заедно спакува во нешто друго, за да, што, си ја исепереш малку совеста? Ама ајде, типично.“

Мура, мња, упс, *Рижана,* тогаш веќе двата сладоледи, но и во главата на Великата Истражителка наеднаш само ебана ебана река. Затруена вода. Болни брзаци. Дали Душа згреши? Секако не! Дали Дуња беше во право? Се разбира, о да! Како тогаш била во право Душка? *Специфично, партикуларно, во актуелниот случај*, или како би било најсоодветно да се каже, па и тогаш само *делумно*, затоа што, речното корито диво се сврте, Дуња беше во право *во глобала* – уф, тоа звучи грдо –значи, *начелно*! О, да, траскаше по камењата или чакалот или карпите на признанието, хаха да, си ја переше Д-душата, но тоа никако не значеше дека нејзината критика немаше врска со вистината, ах, што, со правото! Или пак? Дали мотивацијата беше важна? Дали сè стоеше или падна на неа? Дали би морала покрај критичноста да има и добро и смело воспитано, факинг прочистено чисто срце? Дали би морала критиката прво да ја насочи кон себе? Да си забие ебен автогол? И ако не го направи тоа? Што – би ја барал феминистичкиот Интерпол?